Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 и член 192 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 141/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) на седницата одржана на 21.03. 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ НА ГОЛЕМО**

1. На Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост - Скопје, ул. Максим Горки бр.4, Скопје, Република Македонија, со скратен назив: АД МЕПСО - Скопје, му престанува лиценцата за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на големо, со евидентен број на издадена лиценца ЕЕ-04.07.1/05, издадена со Одлука на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија бр.02-1343/1 од 14 ноември 2005 година (Службен весник на Република Македонија бр.98/05).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен весник на Република Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија постапувајќи согласно одредбите од член 192 од Законот за енергетика, утврди дека кај АД МЕПСО - Скопје, некои одредби од горенаведената издадена лиценца се во спротивност со одредбите од Законот за енергетика.

Имено во член 4 од Законот за енергетика дејноста управување со електроенергетскиот систем не е предвидена како дејност од областа на енергетиката.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП 1 бр.12-48/17**
**21.03.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**